View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE



UDK:37.011.3-051:316.722-027.6-047.874

# TEACHERS AS A FACTOR FOR THE DEVELOPMENT OF KEY COMPETENCE CULTURAL EXPRESSION AMONG STUDENTS

**Svetlana PANDILOSKA GRNCHAROVSKA**[1]
**Fadbi OSMANI**[2]
**Gordana STANKOVSKA**[3]

**Abstract**

*The economic and social changes in a society in transition that strives towards opening up and becoming multicultural by respecting the diversity, uniqueness and individuality of an individual reflect on the entire educational system and require changes in the role of teachers. This does not imply a completely new role. It only implies a change of accent, all for the purpose of achieving qualities and skills (standards and competences) that modern teachers should have. Teachers have a key role in encouraging students to develop their talents and realize their potential in order to achieve personal growth and wellbeing. It is the teachers that act as a bridge between the fast-developing world and the students who are about to join this world. The teaching profession is becoming ever more complex and is constantly put against ever more complex challenges. Research shows that there is a significant positive interdependence between the quality of teachers and the achievements of students. Namely, the influence of the quality of teachers on the achievements of the students is considerable compared to other factors such as organization, management, and financial factors. The key cultural expression competence implies that a student should know his or her origin and identity in order to raise their awareness about their own values and prejudices. Understanding one's own personal and cultural competences and beliefs is one of the ways of respecting the importance of multicultural identity in people's lives.*

Keywords: Multiculturalism, values, educational system.

# НАСТАВНИЦИТЕ КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА КЛУЧНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА КУЛТУРНО ИЗРАЗУВАЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

**Апстракт**

*Оптшествените, економските и социјалните промени во транзициското општество кое сè повеќе се отвора и станува мултикултурно респектирајќи ја различноста, посебноста и индивидуалноста на личноста, се одразуваат врз целиот воспитно образовен систем и условуваат менување на улогата на наставниците. При- тоа не станува збор за потполно нова улога. Во овој случај пред сè се работи за менување на акцентот заради достигање на квалитети и барања (стандарди, компетенции) кои треба да ги имаат денешните наставници. Тие имаат клучна улога во овозможувањето учениците да го развијат својот талент и да го реализираат потенцијалот за личен раст и благосостојба. Токму наставниците се тие кои посредуваат помеѓу светот кој брзо се развива и учениците кои се на влезот во тој свет.*

*Наставничката професија станува сè посложена и барањата кои се поставени пред неа се сè поголеми. Истражувањата покажуваат дека постои значајна позитивна меѓузависност помеѓу квалитетот на наставниците и постигањата на учениците. Имено, влијанието на квалитетот на*

[1] State University of Tetovo, Tetovo, Macedonia, svetlana.pandiloska@unite.edu.mk.
[2] State University of Tetovo, Tetovo, Macedonia, fadbi.osmani@unite.edu.mk.
[3] State University of Tetovo, Tetovo, Macedonia, gordana.stankovska@unite.edu.mk.

*наставниците врз постигањата на учениците е многу поголемо од влијанието на останатите услови како што се: организацијата, управувањето и финансиските услови. Клучната компетенција културно изразување подразбира ученикот да го знае своето културно потекло и идентитет со цел да ја зголеми свеста за сопствените вредности и предрасуди. Разбирањето на своите лични и културни вредности и убедувања е еден од начините на почитување на важноста на мултикултурниот идентитет во животите на луѓето.*

**Клучни зборови:** *културна компетенција, мултикултура, квалитет*

## 1. Значењето на клучната компетенција културно изразување

Потполно е нормално секое човечко суштество да ја брани својата култура и вредностите на сопствената група. Поради тоа лесно е да се етикетира остатокот од светот. Сепак, без оглед на тоа дали ја прифаќаме различноста на другите луѓе и различната култура, реалноста околу нас јасно ни укажува дека мораме да пронајдеме начин како да живееме заедно во општеството.

Поимот култура означува интегрирани форми на човековото однесување кои вклучуваат мисли, комуникација, дејствување, обичаи, верувања, вредности и институции на расни, етнички, религиски или социјални групи. Културата често се опишува како вкупност од начини на кои различните луѓе го гледаат светот кој ги опкружува и го пренесуваат од генерација на генерација. (Ajduković, 2003).

Зборот компетенција во овој случај означува поседување на капацитет за ефикасно функционирање во контекстот на културно интегрирани обрасци на човековото однесување кои ги дефинирала групата. Компетенцијата културно изразување никогаш не е до крај извршена, постигната или завршена, туку таа е постојан процес на учење.

Во основа, клучната компетенција културно изразување ги опфаќа следниве суштински знаења, вештини и ставови.

Имено**,** *знаењата* за културата вклучуваат основни знаења за големите културни дела вклучувајќи ја современата популарна култура како значаен дел од човековата историја во контекст на националното и европското културно наследство и неговото место во светот. Од суштинско значење е да се разбере културната и јазичната различност на Европа и европските земји, потребата тоа да се зачува како и да се разбере еволуцијата на *вештините* популарниот вкус и важноста од естетските фактори во секојдневниот живот.

Клучната компетенција културно изразување ги вклучува и вештините поврзани со разбирањето и изразувањето: самоизразување преку различните видови на медиуми со сопствениот капацитет на поединците, вреднување и уживање во уметничките дела и претстави. Вештините, исто така, вклучуваат и умешност за изразување на сопствените креативни и изразни гледишта, на туѓите мислења како и препознавање и искористување на економските можности од културните активности.

Силното чувство на идентитет е основа за почитување и отворен *став* кон различното културно изразување. Позитивниот став, исто така, ја опфаќа и креативноста и желбата за развивање на естетските капацитети преку уметничко самоизразување и интерес за културниот живот. (Commission of the European Communities, 2005)

Во овој контекст се наметнуваат неколку прашања: Дали имаме доволно способности знаењето со кое располагаме да го искористиме за доброто на сите нас користејќи го како поаѓалиште за вистинска средба и изнаоѓање на нови решенија? Какви предуслови ни се потребни за да поттикнеме плурализам и заедничка егзистенција на различните култури во глобализираниот свет? (Šahinger, 2006)

Клучната компетенција културно изразување подразбира ученикот да го знае своето културно потекло и идентитет со цел да ја зголеми свеста за сопствените вредности и предрасуди.

Во рамките на оваа компетенција поединците со почит и ефикасно одговараат на луѓето од сите култури, јазици, класи, раси, етничка припадност, религија и други фактори на различност на начин кој ги препознава, потврдува и цени вредностите на поединецот, семејството и заедницата и го штити и чува сечие достоинство.

Во праксата, клучната компетенција културно изразување значи интегрирање и трансформирање на знаењето за поединците или групите на луѓе во специфични стандарди, правила, пракса и ставови кои се користат во соодветни културни средини со цел да се подобри квалитетот на културната понуда и да се постигнат подобри резултати.

Разбирањето на важноста од креативното изразување на идеите, искуствата и емоциите во низа медиуми, вклучувајќи ја музиката, изразувањето со движења, литературата и визуелните уметности се основите на оваа компетенција.

Овие однесувања, стандарди, ставови и правила се спојуваат во систем кој им овозможува на професионалците ефикасно да дејствуваат во мултикултурните ситуации.

## 2. Улогата на наставниците во промоција на клучната компетенција културно изразување кај учениците

Училиштата треба да им овозможат на учениците воспитание и образование кое ќе им помогне и во созревањето и во живеењето со различностите кои доколку се правилно сфатени не ги делат, туку ги поврзуваат и збогатуваат луѓето.

Постојат пет основни елементи кои придонесуваат способноста на системот да стане културно компетентна. Имено, системот би требало: да ја цени различноста, да има капацитети за културна самопроценка, да биде свесен за внатрешната динамика во интеракција на различните култури, да се институционализира културното знаење како и да се развијат програми и услуги кои го одразуваат разбирањето на различностите помеѓу и во рамките на културите. (Ajduković, 2003)

За да се разбираат и почитуваат различностите не е доволно само да се познаваат. Потребно е да се работи на воспоставување и промовирање на интеркултурални односи, соработка и дијалог. Поради тоа, училиштата како репрезенти на образованието добиваат редефинирани задачи и функции.

Училишното воспитание и образование се набљудува како специфичен интерактивно комуникациски процес на кој му се иманентни три значајни аспекта. Еден е програмско-содржинскиот аспект и одговара на прашањето: Што се учи во училиштата? Другиот е педагошко-дидактички и го покрива полето на трансформирање и моделирање на наставните стратегии (Како се учи?) Третиот аспект е социјално-психолошки кој се заснова на воспоставување на релации во воспитно образовниот процес, односно социјално-емоционална клима (атмосфера, амбиент) во која се одвива наставата. (Byram, 2000)

Од квалитетот на релациите, кои се воспоставуваат во наставата меѓу наставниците и учениците, во значителна мерка зависат и постигањата на учениците, но и социјално-емоционалната клима во одделението и во училиштето.

Во современото глобално општество, во кое наставниците сѐ повеќе ќе подучуваат ученици со различно културно потекло, од големо значење е тие да станат свесни за индивидуалната културна перспектива и да имаат можност да размислуваат за различните форми на културна различност.

Особините, кои се значајни за интеркултурално компетентниот наставник опфаќаат:

- вербална и невербална комуникациска компетенција,
- добро познавање на својата и другите култури,
- способност за почитување, разбирање и прифаќање на учениците кои им припаѓаат на други култури,
- интерактивен однос со другиот,
- континуирано надградување на созанијата за себе како на индивидуално така и на ниво на групата на која ѝ припаѓаат,
- способност за отвореност, флексибилност, креативност и критичност, како и
- сфаќање на последиците од дискриминација на културно различните и способност за развој на нестереотипно мислење и антипредрасудни ставови. (Hrvatić, N. Piršl, E. (2005)

Програмите на учителските и наставничките факултети на студентите би требало да им пружат информации и искуства неопходни за нивна успешна работа во културно различните училишта и одделенија. Програмите на овие факултети би требало да ставаат акцент на клучната компетенција културно изразување која би можела да се оствари со проучување на:

- природата на односите меѓу културите, нивното менување со текот на времето и влијанието врз глобалното општество,
- меѓуодносот меѓу доминантната и малцинската култура во рамките на општеството, како и
- значајните културни искуства или постигања, но и придонесот на поединците кои се одликуваат со својата различност во однос на културното потекло и животната филозофија од

доминантната култура во општеството во кое живеат или на поедини други малцински групи присутни во општеството.

Почитувањето и прифаќањето на различностите, со кои се среќаваме во одредено општество или култура различна од нашата, бара способност за прифаќање на различниот поглед на свет, односно гледање низ очила кои ни овозможуваат поинакво гледање на светот, но истовремено и задржување на личните усвоени вредности.

**Заклучок**

Прашањата за положбата на наставниците, нивните функции, улога и компетенции во училиштата, се стари колку и училиштето и секогаш се актуелни. Профилирањето на наставниците произлегува од состојбата и развиеноста на општествените односи кои влијаат врз училиштето како микро систем на општеството. Со оглед на промените на општествениот контекст, неопходни се и промени во училишниот контекст, па и промени во функциите и компетенциите на наставниците. Тие стануваат комплексни, поливалентни и подложни на квантитативни и квалитативни промени.

Новиот наставник треба да покаже солидарност за сите граѓани и да ги споделува вредностите какви што се: почитувањето на човековите права, демократијата и слободата.

Следниве аспекти се сметаат за клучни во видоизменетата улога на новиот наставник:

- влијание на социјалните промени,
- разноликост на новите ученици/студенти и промени во наставното окружување и
- зајакнување на професионализмот на наставниците. (Виздек-Видовиќ, В., Велковски, З. (2013)

Промените во системот за образование на наставниците произлегуваат од потребата за професионализација на образованието како значаен фактор на развојот. На образованието на наставниците му се приоѓа како на целосен, отворен, динамичен и траен процес (стручно усовршување и доживотно учење) во кој поедините содржини и пристапи ќе бидат различно димензионирани. (Cooper, P., McIntyre, D., 1996.)

**Референци:**

Ajdukovic, D. (2003). *Kulturna kompetencija u praksi socijalnog rada*. Ljetopis socijalnog rada*, Vol.10, No.1*, Zagreb, str. 3.

Byram, M. (2000). *Routledge Encylopedia of Language Teaching and Learning*. London: Routledge, p.29.

Виздек-Видовиќ, В., Велковски, З. (2013). *Наставничката професија во XXI век*, Центар за образовне политике, Београд, str.53.

Commission of the European Communities. (2005). *Recommendation of the European parliament and of the council on key competences for lifelong learning*, Brussels, p. 19.

Cooper, P., McIntyre, D. (1996), *Effective Teaching and Learning*. Buckingham, Open University Press, p.65.

Hrvatić, N., Piršl, E. (2005). *Kurikulum pedagoške izobrazbe i interkulturalne kompetencije učitelja*, Pedagogijska istraživanja*,* str. 251-266.

Šahinger, K. (2006), *Interkulturalno učenje i vrednosti u Evropi*, T-Kit, Zagreb, str.14.